КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
јуни 2013 • бр. 29 • година 5



Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

ЛЕТО ВО КАРПОШ

Контакт со Општина Карпош

Адреса: ул. Радика бр. 9, 1000 Скопје; kontakt@karpos.gov.mk 3069-799, 3061-353, 3062-925, karpos.gov.mk

Карпош 1
Мирче Блажевски тел.070/244-286 и 02/3068-754 и 078/486-929
Адреса: ул. Иван Аговски бр.2

Карпош 2
Лидија Цацановска тел. 078/486-955 и 02/3071-246
Адреса: ул. Бранислав Нушиќ бр.4

Карпош 3
Мирјана Георгиевска тел.072/268-054
Снежана Тасева тел 078/486-919
Адреса: ОУ.Лазо Трповски

Карпош 4
Виолета Божиновска тел.072/268-052
Адреса: ул.Љубљанска бр.6

Тафталиџе 1
Вера Пенова тел.072/209-685
Адреса: ул.Букурешка бр.2

Тафталиџе 2
Горан Велковски тел.078/486-928
Дракче Решковски тел.078/486-921
Адреса: ул.Копенхагенска бр.5

Влае 1
Ненад Зафировски тел.072/268-053
Адреса: ул.Фјодор Достоевски бр.2

Влае 2
Жарко Јосифовски тел.072/268-056
Адреса: ул.Сливовска бр.1

Нерези
Весна Антеска тел.078/486-922
Адреса: ул.Ванчо Мицков бр.19

Владо Тасевски
Елена Ѓурчилова тел.078/486-927
Адреса: ул.Дрезденска бр.52

Кузман Јосифовски Питу
Виолета Михајловска тел.078/ 486-924
Адреса: ул.Стрезово бр.7

Пецо Божиновски Кочо
Ацо Постоловски тел.078/486-925
Ванчо Цабевски тел. 078/486-959
Адреса: ул.Стрезово бр.7

Злокуќани
Гаши Садри тел.078/486-923
Адреса: ул.Скупи бб.

Бардовци
Мирослав Петрушевски 076/907-081
Адреса: с.Бардовци

ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"ЕЛИСАВЕТА"
Дом за стари лица "Елисавета"
02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

ЗАЕДНИЧКИ ДО ПОУРБАН И ПОЧИСТ КАРПОШ 4



РЕПОРТАЖА

МЕЃУ БУКОТ И КИЧОТ ДОЛЖ ВАРДАР 10



ТУРИЗАМ ВО КАРПОШ

ДУХОВЕН МИР ВО ПАЗУВИТЕ НА ВОДНО 20




ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

ЛАТИНО-ПРИКАЗНА НА МЛАДАТА КРИСТИНА 26



СПОРТОРАМА

ВИКЕНД НА УЛИЧНА КОШАРКА 31



Издава Општина Карпош
Бул. „Партизански одреди“ бр.68
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-61-353
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Стевчо Јакимовски
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Уредник
Миле Раденковиќ
mile.radenkovic@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Лилјана Петрушевска-Кочовска
Анета Манчевска
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Меѓуинституционална соработка

ЗАЕДНИЧКИ ДО ПОУРБАН И ПОЧИСТ КАРПОШ

На средбата на градоначалниците Јакимовски и Трајановски присуствуваа и претставници на јавните претпријатија на Градот Скопје и раководителите на сектори при Општина Карпош

На почетокот од месецов, во просториите на ООУ „Лазо Трповски“ во Општина Карпош се одржа работна средба на градоначалникот на Карпош, Стевче Јакимовски, и градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, со директорите на јавните претпријатија на Градот и со раководителите на соодветните сектори на ниво на Општината. По тој повод двајцата градоначалници одржаа и конференција за медиуми, на која истакнаа дека ваквите средби треба да бидат почести, а заклучоците треба да бидат имплементирани во работата на двете институции и на јавните претпријатија.

- Со Општина Карпош и со градоначалникот Стевче Јакимовски имаме навистина одлична соработка, како резултат на која во минатиот мандат се реализираа неколку крупни проекти, меѓу кои реконструкцијата на булеварите Теодосиј Гологанов, Илинден и Партизански одреди. За овој мандат се предвидени и многу други проекти на кои ќе се посветиме со исто толку ревност – истакна градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски. Со неговата констатација за солидно ниво на соработка се согласи и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој во својата изјава за медиумите подвлече дека мора да се продолжи во истиот дух за доброто на сите граѓани.





- Со Градот Скопје имаме соработка особено на планот на локалниот економски развој, поле на кое особено очекуваме напредок со реализацијата на Генералниот урбанистички план. Ваквите работни состаноци се од тој аспект особено важни зашто обезбедуваат подигнување на нивото на комуникација меѓу двете институции, но и меѓу урбаните заедници и јавните претпријатија – рече општинскиот татко Јакимовски.

Состанокот протече во особено интензивна работна атмосфера, во која градоначалникот Јакимовски и раководителите на секторите на Општината на присутните претставници од јавните претпријатија им посочуваа какви забелешки имаат граѓаните на Општина Карпош за нивното работење. Беше споменато одржувањето на јавната хигиена на булеварите, одржувањето на зелените површини покрај овие улици, а се зборуваше и за проблемот со водоснабдувањето во горната зона на Нерези. На работната средба беа посочени сите проблеми што граѓаните на Карпош, всушност, секојдневно ги пријавуваат во Општината, но за кои решенијата се ингеренција на Градот Скопје. Токму затоа беше заклучено дека ваквите состаноци треба почесто да се одржуваат.

Лилјана Петрушевска-Кочовска

Почитувани сограѓани,



Во првите шеесетина дена од повторното преземање на градоначалничка палка во Општина Карпош, заедно со општинската администрација вложуваме огромни напори да го задржиме темпото на работење и осовременување на нашата Општина. Традиционално, по сите изборни циклуси првите неколку месеци буџетските приходи се слеваат потешко, што видливо се чувствува во општинската каса, која во овој период е „потенка“ со средства. Токму кон тоа, кон финансиска консолидација и зајакнување, се насочени сите наши напори за да продолжиме онаму каде што застанавме и да почнеме да го остваруваме она што го ветивме во предизборието и за време на изборната кампања. А идеи и ентузијазам, не ни недостигаат. Имаме големи планови и од нив не отстапуваме. Нашите планови се градеа врз основа на Вашите потреби и желби. Карпош продолжува да се урбанизира, да се гради.

Во изминатиот месец имавме помалку инвестиции во инфраструктурата, но се разбира се интервениираше онаму каде што беше неопходно. Работевме на десетина инфраструктурни објекти, како изградба на атмосферска канализација на улицата Струма во Карпош 3, асфалтирање на истата улица, покривање на каналот за прибирање на атмосферски води во месноста Куршумлица во населбата Козле, а се работи и на подготовка за асфалтирање на улицата Ловќенска во УЗ Кузман Јосифовски Питу. Кај училиштата и градинките интервениравме во изработка на дворна ограда во ООУ „Владо Тасевски“, а во детската градинка „Пролет“ во УЗ Кузман Јосифовски Питу во Козле ги сменивме прозорците и ги реконструиравме тоалетите за нашите најмлади да имаат хигиенски услови при својот престој во оваа детска установа. Продолжија и градежно-занаетчиски работи во втората новоизградена општинска барака, а продолжува и изградбата на новата општинска зграда, со изведба на надворешни и внатрешни преградни ѕидови.

Она што сепак ме радува е дека во општината продолжува да се негува спортскиот дух и сведоци сме на секојдневни успеси на нашите сограѓани на спортски план. Такви беа резултатите на нашиот автотркач Бранко Кипровски, кој го освои првото место во државниот шампионат во својата категорија. Општина Карпош секогаш умеела да ги препознае вистинските таленти и да ги поддржи на патот кон нивниот успех. Ние знаеме и да ги наградиме успешните, па победниците на училишните спортски лиги во кошарка, фудбал и во одбојка ги пративме на „наградно“ патување во збратимениот Тиват. Се надевам дека понесоа незаборавни спомени и стекнаа нови пријателства.

Изминатиот месец во фокусот на вниманието ни беа учениците од основните училишта, кои и покрај зголемениот ангажман околу екстерното тестирање, сепак имаа време и за полуматурска забава, а се отворија и неколку летни кампови за учење странски јазици и за доусовршување на некои вештини. Внимание им посветивме и на студентите во поддршка на нивните културни проекти и на фолклористите кои гостуваа на наша територија. На прагот сме и на уште едно Карпошово културно лето, кое карпошани навистина знаат да го почитуваат и да уживаат во него.

Во следниот период очекуваме сè повеќе да навлегуваме во градежните зафати и да ги реализираме нашите планови за капитални проекти, како што се обновата на фасадите, приклучување кон гасоводната мрежа, замената на азбестни покриви, изградба на катни гаражи и низа други. Ние продолжуваме по патот на успехот.

Вашиот Градоначалник,
Стевчо Јакимовски

АВТОМАТСКА МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА ВО КАРПОШ

Во присуство на градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, на министерот за локална самоуправа, Тахир Хани, и на претставници од Центарот за развој на скопскиот плански регион и на Управата за хидрометеоролошки работи, пред десетина дена во дворот на ООУ „Петар Поп-Арсов“ во Карпош беше пуштена во употреба првата автоматизирана метеоролошка станица во Скопската Котлина.

Како што потврди раководителката на Центарот за развој на скопскиот плански регион, госпоѓа Анета Лозаноска-Равлинсон, станува збор за почеток на градењето мрежа за мезометеоролошки мерења на Градот Скопје. Станицата, според зборовите на Лозаноска-Равлинсон, ќе мери температура на воздухот, релативна влажност, правец и брзина на ветерот и количеството на врнежи и ќе овозможи континуирано следење на временските прилики во Скопје во текот на годината, а со повеќегодишно мерење ќе се добијат показатели за промените на климата во Скопската Котлина.





Задоволство од поставувањето на ваква мерна станица најпрвин во општина Карпош, изрази градоначалникот на Општината, господин Стевчо Јакимовски.

- Имајќи предвид дека Министерството за екологија овде веќе постави една станица која го мери квалитетот на воздухот, практично, со оваа нова автоматска мерна станица, ние добиваме комплетни податоци и за квалитетот на воздухот, но и за други параметри, како што се релативната влажност, брзината на ветрот и температурата кои се битни за надлежните државни институции. Оваа станица ќе биде поврзана со Хидрометеоролошкиот завод, но, во исто време, граѓаните тие податоци ќе може да ги видат и на веб-страницата на Центарот за развој на скопскиот плански регион, како и на веб-страниците на општините, меѓу кои, се разбира и на Општина Карпош. Со ова уште еднаш покажуваме дека ќе го продолжиме овој процес на развој со поставување опрема на целата територија на Скопје и на Република Македонија, со што ќе може да се добијат повеќе податоци за анализа – рече Јакимовски.

Министерот за локална самоуправа, Тахир Хани, пак, надоврзувајќи се на зборовите на Јакимовски, истакна дека станицата ќе биде од интерес, пред сè, на граѓаните на Скопје, кои ќе бидат навремено информирани за временските услови, односно за параметрите што ги мери станицата.

- Во согласност со Законот за регионален развој, денеска докажуваме дека регионалните центри играат клучна улога во поглед на добрата соработка меѓу централната власт и локалната власт. Тоа што сакам да го истакнам е дека оваа апаратура не е толку скапа, чини приближно околу 10.000 евра, кои се обезбедени со кофинансирање на Општина Карпош, Град Скопје и на Бирото за регионален развој при Министерството за локална самоуправа. Вакви мерни инструменти планирано е да се постават и во другите региони – нагласи министерот за локална самоуправа, Тахир Хани.

Л. П.К.

Нов проект на Општина Карпош

ПОДЗЕМЕН КАТАСТАР НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во општина Карпош во тек е нов проект за изработка на подземен катастар на уличното осветлување. Тоа подразбира изработка на обемна документација што ќе ја опфати целата мрежа на уличното осветлување во општината, односно бројот и поставеноста на канделабрите, нивната поврзаност со електрична инсталација и подземната поставеност на електричните водови.

Проектот го спроведува Секторот за заштита на животната средина и природата, под водство на Дејан Јонузоски и Милан Костовски.

- Подземниот катастар на уличното осветлување го почнавме на почетокот од јуни, а со оглед на обемноста на документацијата што треба да ја подготвиме, очекуваме да биде завршен до почетокот на октомври. Работиме плански, опфаќајќи по една месна заедница неделно, така што за 14 недели би требало да го привршиме проектот – вели Дејан Јонузоски, одговорен за спроведувањето на проектот. Според неговите зборови, активностите на тимот





од Секторот за заштита на животната средина и природата за овој проект опфаќаат мерење на раздалеченоста на канделабрите, бележење на нивната поставеност, обележување на столбовите со единствен евиденциски број, мерење на должината на електричните кабли итн.

- Сето ова се работи за во иднина да се има точно сознание каде и колку канделабри имаме поставено, со каква инсталација се поврзани и, најважно од сè, за да можеме на граѓаните да им излеземе во пресрет во секое време. Имено, бидејќи чести се поплаките за неработење на уличното осветлување, сега, по ова обележување на столбовите за улично осветлување со единствени броеви, граѓаните ќе имаат можност кога ќе пријават дека некаде не работи уличното осветлување, веднаш и да го посочат бројот на столбот што престанал да работи за да можат нашите екипи веднаш да го лоцираат и да излезат на терен и да го решат проблемот. Значи сето ова се работи за нашите граѓани да бидат задоволни од нас, односно од Општината, во секој поглед – со многу ентузијазам ни објасни Јонузоски. Тој додаде и дека граѓаните треба да имаат предвид и дека на територијата на општина Карпош има улично осветлување што го опслужува Град Скопје, а столбовите се разликуваат по тоа што на општинските столбови евиденциското број е напишан со црна или сина боја, додека на тие на Градот – со црвена боја.

Л. П. К.

ВЕТЕНО СТОРЕНО



Во тек е подготовката за асфалтирање на ул. Ловќенска во урбаната заедница Кузман Јосифовски Питу, во должина од 300 метри, за што Општината издвои 1.970.000,00 денари, а зафатот го изведе „Пелагонија инженеринг".



Во тек се градежно-занаетски зафати на новата општинска зграда во Карпош 3, односно се сидаат надворешните и внатрешните преградни сидови, а работата ја изведува „АК инвест".



За реконструкцијата на градинката „Пролет", Општина Карпош обезбеди грант од Јапонската канцеларија за врски во вредност од 3.506.543.00 денари, а реконструкцијата ја изведува „Југотехника".



Атмосферската канализација во должина од 50 метри на ул. Струма и нејзиното поврзување со колекторскиот одвод на ул. МАНАПО, Општината ја чинеше 500.000,00 денари, а изведувач на зафатот е „Да-Бо компани".



За асфалтирањето на ул. Струма во должна од 370 метри, Општина Карпош издвои 2.590.000,00 денари, а изведбата е на „Пелагонија инженеринг“.



За градежните работи за покривање на отворениот атмосферски канал во Куршумлица, Козле, со должина од 165 метри, Општина Карпош издвои 2.500.000,00 денари, а изведувач на зафатот е „Еуроинвест инженеринг“.



Во тек се градежно-занаетски работи на втората општинска барака во дворот на ООУ „Лазо Трповски“, а изведувач на зафатот е „Метал електрик“.



Дворната ограда од ковано железо на ООУ „Владо Тасевски“, за заштита на новата фасада, а со должина од 230 метри, Општината ја чинеше 2.000.000,00 денари, а ја изработи „Мастеф“.



МЕЃУ БУКОТ И КИЧОТ ДОЛЖ ВАРДАР

Реката Вардар е македонскиот крвоток и сведок на македонската историја. За жал, кон него се однесуваме многу дволично: ем не ни е гајле што сè завршува во него, ем се секираме кога од него ќе почувствуваме смрдеа. Толку малку правиме за него што неговиот опстанок е сериозно доведен во прашање

Прва епизода – 1988 година

Пред точно четвртина век, како студент и член на Младите истражувачи на Македонија ја организирав мојата прва експедиција по Вардар. Целта ми беше со десетина колеги, главно биолози, во соработка со членовите на ПД „Елема“, да го испитаме степенот на загаденоста на Вардар. До Скопје земавме примероци одејќи со возило до Вруток, Гостивар и Сараќино, а од Скопје се спуштавме со чамци по реката и пред и по секоја притока во Вардар земавме примероци вода за да видиме што носат овие реки во македонскиот бисер. Резултатите од анализите, „бојата“ на водата и смрдеата која ја чувствувавме низ градовите, покрај хемиските и металургиските погони, до крзнарите и кожарите укажуваа дека Вардар е сериозно болен. После 4 дена и 4 ноќи пловидба и работа, после пеколниот третман од јулското сонце исцрпени и испечени решивме да ја прекинеме оваа експедиција и од пола пат да се вратиме дома.

Втора епизода - 1996 година

Во средните 90-ти како асистент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ решив да ја продолжам дружбата со Вардар заедно со моите студенти. Преку студентското истражувачко друштво „Еурека“, а во подготовка на проектот „Опстанок во природа“ со чамци тргнавме од Стоби. Целта ни беше да си ги провериме издржливоста и вештините пред предизвиците кои нè чекаа на тринеделното преживување на планината Кожув. Тестот го полагавме три дена и две ноќи во Дуброво и Давидово. Делот низ Демиркаписката клисура беше за нас интересен, но не и за учесниците на регатата насловена „Вардар – зелена оаза“ која се одвиваше во исто време. За жал еден од членовите на оваа група го загуби животот во водите на Вардар токму во Демиркаписката клисура. Како и да е, стигнавме до Гевгелија и оттаму почна нашето преживувачко патешествие на планината Кожув. Додуша, сакавме да продолжиме по Аксиос (името на Вардар во Грција), ама пустата политика тоа тогаш не ни го дозволи.

Серијал 2010 – 2012 година

И додека чекав некој да ме покани на пловидба по Вардар во наредните петнаесетина година, се изначекав и не дочекав. Повторно си ја зедов работата во свои раце и си купив чамец со кој сакав независно од другите да си се спуштам по Вардар кога, од каде и до каде ќе посакам. Еее, ама сега веќе тоа можев да го правам со ќерката и синот кои веќе беа заразени со рафтингот по искуствата што ги имавме на Неретва, на Тара и на Сциото во Охајо. Така во овие години, по Вардар се спуштавме неколкупати годишно и тоа по правило од мостот Обединети нации во Влае, па сè до мостот Гоце Делчев или до Универзитетот ФОН или до селото Таор, зависно од расположението и времето. Овие кратки спуштања по Вардар делумно ми ја исполнуваа потребата од дружење со нашиот бисер, ама тоа не ми беше доволно. Ми недостигаше големата приказна за Вардар. Ми недостигаше акција за Вардар.

Уште во 2010 година иницирав формирање на конзорциум за реката Вардар од 20-тина општини во Македонија низ кои тој поминува. Ама наместо тоа, Вардар во меѓувреме доби „плажи“ на кои не смееме да се бањаме, доби „Титаник“ кој изгледа гротескно, доби пароперачки мостови на уметноста полни со културни и историски анонимци, доби врби, но не доби шанса да се излечи. Тој остана и понатаму да се гуши во сопствениот смет не добивајќи шанса во своите прегратки да прими и нагости, на пример пастрмки. Е тоа за жал ќе го почекаме.

Трета епизода - 2013 година

Но, додека чекаме, нешто треба и да се направи. Затоа со поддршка од Општина Карпош, која во меѓувреме набави чамци за потребите на Одделението за спасување, го организиравме дводневното спуштање по Вардар на 21 и 22 јуни од Влае до Велес. Десет жители на Карпош и еден „натрапник“ од Аеродром ја обновија оваа регата по 25 години и по пеколна горештина ја реализираа пловидбата по Вардар. По целата должина на Вардар низ Карпош ги снимавме двата негови брега и тоа ќе остане траен видеозапис.

Тргнавме од култната Каскада и полека покрај вливот на Лепенец стигнавме до првата убава „калдрма“. Да појаснам, за калдрма велиме кога реката прави нерамнини од кои во чамец имате чувство како да се возите со пајтон по земјен пат. Оттука следува еден релативно мирен дел кој трае сè до трагите на македонското расипништво изразени преку зданијата на „Скопје 2014“. Прво налетавме на ѓоа бродот-киклоп кој веднаш го нарековме „Титаник“. Додуша зградата на старо-новиот МНТ изгледа убаво од речна перспектива и требаше да биде една од ретките која требало да го разубави ликот на градот. За другите нема ни да кажувам бидејќи намерата ни беше да пловиме по Вардар, а не да валоризираме „архитектонски“ вредности. Сепак, останува горкиот вкус дека од тој силен колач на „Скопје 2014“, за Вардар ќе беше подобро наместо плажи кои не се користат, бродови кои се поголеми од коритото на реката и жалните врби, да се вложеше во пречистителни станици кои ќе го спасат Вардар од умирачка. Одејќи така меѓу мостовите, налетуваме на еден од новите кој патем не знам ни како се вика. Толку е мал, грд и полн со статуи што не заслужува ни името да му го запаметам. На него имаше метални скелиња, па таму моравме чамците да се ги земеме в раце и така да го заобиколиме. Ги враќаме чамците во вода и налетуваме на најглупавите креатури во Вардар – жалните врби. Знам дека беа многу скапи, ама барем да беа убави. Морам да признаам дека досега не сум видел таква глупост. Врби во река. Бог да чува.

Потоа следува еден мирен дел од Вардар со неколку калдрми околу секој мост. На сите тие места Вардар нуди лесни адреналински терапии кои ги поматува непријатната смрдеа што ја почувствувавме кај Лисиче и Драчево. Полека минувавме низ Орешани, Студеничани и Таор. Сонцето веќе убаво запекува, ама водата, сокoвите, пивцето и салатката направена во чамец залеана со ладната ракиичка некако нè одржуваше во добро расположение. Патем среќававме многу рибари и минувачи кои изненадено и добронамерно ни одмавнуваа прашувајќи се што ли прават овие луѓе по Вардар во чамци. И така лека полека стигнавме до крајната дестинација на првиот ден од нашата пловидба – Зелениково. Се „паркиравме“ на влезот, а логорот го поставивме близу до стадиончето. Набрзина направивме поречанска скара, ги кренавме шаторите, а комарците како по команда нè нападнаа. Оганот што го запаливме и песните во придружба на гитарата, изгледа нè спасија од овие напасти, а и уморот набргу нè кутна.

Следното утро набрзина се спакувавме, каснавме пита што ни ја донесоа нашите душегрижнички и рано-рано тргнавме надолу. Овој дел од Вардар е богат со брзаци, па и пловидбата е доста поинтересна. Поминавме низ Ново Село и прва станица ни беше вливот на Пчиња. Тука се соочивме со реалноста дека на луѓето ич не им е гајле за Вардар. Купови пластични шишиња, конзерви и хартии кажуваат колку на рибарите, но и на сите други кои имаат некаква врска со Вардар не им е грижа за него. Особено чуди што убавите места за рибарење ги наоѓавме во страшна состојба, валкани и неуредени.

Продолжуваме полека понатаму кон неговото височество – Букот. Букот е место на Вардар каде што тој наликуваа на најдивите реки во светот. Се наоѓа веднаш по излезот од железничкиот тунел по станицата „Рајко Жинзифов“. Името го добил според бучавата од која ништо не се слуша, а по скокот од еден метар немирните пенливи води на Вардар траат уште добри стотина метри. Којзнае колку пати го спомнавме букот во текот на пловидбата, а особено беше мистичен за половина луѓе од експедицијата кои не знаеја за што се зборува. Застанавме едно стотина метри пред букот за да направиме план како ќе го поминеме. Сликата од карпата делуваше импресивно, но и ризично. Решивме прво да одиме со еден чамец 9 души, па ако поминеме, ќе се вратиме по другиот. Тргнавме. По скокот, матицата ќе нè удреше во карпата, ама со веслата се одбивме и се вративме во букот кој по неколку секунди нè исфрли во мирниот дел на реката. Следеа врисоци од среќа и задоволство. Се вративме преку карпестиот брег пазејќи се од змии и пак 9 души влеговме во другиот чамец. И пак иста песна. Скок, опасност од карпа и брзо-брзо излегување од букот. Морам да признаам дека сум ги поминал и Тара и Неретва, ама на вакво адреналинско место таму не налетав. Ова е вистински предизвик за храбри.

На букот апнавме малку од она што ни остана претходниот ден, некои од нас убаво си се избањаа во релативно ладните води на Вардар и полека се упативме кон крајната дестинација на пловидбата – Велес. Попатно Башино Село не „честеше” со непријатна миризба, за во доцните попладневни часови да стигнеме до автобуската станица во Велес. Тоа беше крајот на ова возбудливо доживување. И што да се каже после се? Прво не сме свесни што се Вардар носи со себе и второ дека Вардар е сериозен пациент на кој му треба итно лекување. Си ветивме дека ќе направиме нешто за овој запоставен македонски бисер, кој според песната би требало да ја краси Македонија.

На крајот дозволете ми во име на Пајо, Тони, Дуле, Јоцо, Деспина, Иво, Томи, Стефан, Бубе, Дени и во мое лично име да им се заблагодарам на сите кои на еден или друг начин помогнаа да се реализира оваа мини експедиција.

Проф. д-р Зоран Т. Поповски

Осма Карпошова слава



СПОРТ И СЛАТКИ ИЗНЕНАДУВАЊА

Во организација на Здружението на граѓани Карпош фудбал-клуб (КФЦ), а под покровителство на локалната самоуправа, на спортското игралиште „Сокол“ (ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“), под мотото „Децата се нашата иднина“, во текот на минатиот месец се одржа осмата по ред традиционална Карпошова слава. На оваа манифестација најголем акцент беше ставен на најмалите од градинките „Распеана младост“, „Мајски цвет“ и „Пролет“. Со големи овации, нивната сценска изведба беше поздравена од многубројните родители и присутни гости. На општинските штандови поставени на игралиштето, организаторите обезбедија балони, сладоледи, сокчиња и многу други слатки изненадувања кои им ги делеа на присутните дечиња. Оваа голема манифестација ја поздрави градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.



- Годинешната Карпошова слава е моделирана и модернизирана, со игри без граници за нашите најмлади жители. Јас го поздравувам овој концепт и се надевам дека ќе го надградувате за наредните генерации, да станува сè помасовен и со нови содржини. Како Општина, ние сме тука да го поддржиме финансиски целосно овој настан, а организаторите да бидат креативни и да имаат нови идеи, за нашите најмлади жители навистина да уживаат и во забавата, но, исто така, и во натпреварите – истакна Јакимовски. Во рамките на Карпошовата слава, се одржаа и полигонските игри, како и големиот Ол-стар фудбалски натпревар. Во категоријата на девојчиња и машки, на најдобрите три ученички и ученици им беа доделени фудбалски топки за најдобро постигнатите резултати на полигонските игри без граници. На Ол-стар натпреварот се натпреварувааа две екипи. Синиот тим или таканаречени „непарни“, беше составен од фудбалери кои во рамките на училишната фудбалска лига го освоиле 1, 3, 5, 7, 9-то место и жолтиот тим или т.н. „парни“ - кои го освоиле 2, 4, 6, 8, 10-то место во училишната лига во фудбал. На крајот славеа „жолтите“ кои го совладаа „синиот“ тим со резултат 4:2. Победничкиот пехар на поуспешната екипа ѝ го врачи советникот на општина Карпош, Зоран Поповски. На полувремето од Ол-стар натпреварот како новитет на годинешниот меч, се изведуваа удари од средината на фудбалскиот терен, каде што топката не смееше да ја допре земјата, додека не ја мине гол-линијата. Основците Борјан Панчевски, Андреј Нуневски и Марко Стојчески, како најдобри поединци кои се истакнаа со својата вештина при изведување на овие удари, добија награда - фудбалска топка од организаторот на овој меч. Во рамките на овој натпревар се поделија и награди за најдобрите основци од фудбалската училишна лига.

М. Г.

Забава за осмооделенците за крајот на учебната година

ИДНИНАТА НА КАРПОШ СЛАВЕШЕ ПОЛУМАТУРА

Под мотото „Карпош има иднина“, во организација на локалната самоуправа, на игралиштето „Сокол“ по завршувањето на учебната година се одржа третата по ред завршна училишна забава за полуматурантите од десетте основни училишта на територија на општината. Забавата почна со веселите звуци на детскиот женски хор на Карпош.

Во оваа пригода, раководителот на Одделението за образование при Општина Карпош, Мирјана Поповска, ги поздрави присутните гости, а на полуматурантите им посака успех и остварување на претстојните училишни предизвици и амбиции.

- Чест и задоволство ми е да ви честитам од името на градоначалникот Јакимовски, од Советот на општината, од Одделението за образование и од лично име. Изминативе години упорно работевме за вас и вложувајќи во вашето знаење, практично вложивме во иднината на Карпош – посочи Поповска.

Во рамките на програмата за поддршка на образовниот процес, кој за локалната самоуправа е од витално значење, беа доделени и парични награди од 12.000 денари за првенците на генерација: Ивана Крстиќ од ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“, Мила Гроздановска од ООУ „Вера Циривири-Трена“, Зорица Георгивска од ООУ „Лазо Трповски“, Бојан Китановиќ од ООУ „Војдан Чернодрински“, Амра Фејзула од ООУ „Братство“, Ненад Богдановски од ООУ „Владо Тасевски“, Ангела Мојсовска од ООУ „Димо Хаџи-Димов“, Елена Ристевска од ООУ „Јан Амос Коменски“, Тиана Лазаревска од ООУ „Аврам Писевски“ и Софија Пјевац од ООУ „Петар Поп-Арсов“.



Годинава, Општината заедно со Одделението за образование одбираше најталентирани ученици, лого и слоган со кое во иднина ќе се идентификува образованието во Карпош, како и химна со видеоспот „За Карпош кој го сакам“, испеана од основците, а покрај сето тоа и ги реконструираше училиштата. По завршување на официјалниот дел, забавата ја разгоре живиот настап на групата „ДНК“ со нејзините најнови хитови.

И. М.



Општина Карпош на студиска посета во Брисел

ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Претставник на Секторот за заштита на животната средина и природата при Општина Карпош во текот на месецов присуствуваше на студиска посета за управување со отпад организирана во соработка со Комитетот на регионите, која се одржа во Брисел. Целта на студиската посета е да се претстави политиката на ЕУ за управување со отпад на локалните и регионалните власти кои доаѓаат од земјите на Западен Балкан.



Управувањето, располагањето и рециклирањето отпад, особено отпадот од домаќинства, е важен предизвик за годините што доаѓаат. Токму затоа администрацијата и капацитетот за спроведување на европските политики и директиви треба да биде значително зајакнат во регионот на Западен Балкан, односно во Македонија и во Општина Карпош како дел од неа.

- На ова студиско патување се запознавме со директивите и идните политики на ЕУ за управување со отпад, но и со најдобрите примери од регионалните и локалните практики – вели Јован Цветановски, дипломиран инженер по заштита на животна средина од Секторот за заштита на животната средина и природата, кој во Брисел ја претставуваше Општина Карпош. Тој објасни и дека студиската посета била организирана во соработка со Комитетот на регионите (КР), а учесниците имале можност да се сретнат со членовите на КР и да работат на полето од заштита на животната средина, меѓусебните надворешни односи и регионални поврзувања.

Според Цветановски целната публика на студиската посета биле околу 35 учесници, избрани од административниот персонал на општините што биле поканети. Учесниците биле избрани од делегациите на Европската Унија и од канцеларијата на ЕУ на Косово.

Л.П.К.

ИЗВИНУВАЊЕ

Во претходниот број на „Карпош Урбан“ направена е ненамерна грешка и објавено е дека Филип Бендевски од ООУ „Јан Амос Коменски“ освоил трето место на регионален натпревар по математика, наместо, како што треба, прво место. Му се извинуваме на ученикот Филип Бендевски и на неговото семејство за ненамерно направената грешка.

Од редакцијата на „Карпош Урбан“

СЕРТИФИКАТИ ЗА НАШИТЕ МЛАДИ ФОТОГРАФИ



На почетокот на минатиот месец, во малата свечена сала во Општина Карпош, беа доделени сертификатите за завршен почетен курс по фотографија што под покровителство на Општината се реализира во учебната година 2012/13.

На свеченият чин, пред присутните гости од Секторот за образование при Општина Карпош, професорот Владимир Димески, магистер по визуелни уметности, иницијатор и реализатор на проектот, на своите ученици им ги додели дипломите за завршен почетен курс по фотографија и им посака многу успех понатаму.

- Се надевам дека тука нема да заврши вашиот интерес за фотографијата и дека и понатаму ќе ги надградувате своите знаења на ова поле. Ве поканувам во септември сите да присуствувате на изложбата на вашите фотографии зашто таквите изложби се поголема награда и од сертификатите – им рече Димески на своите ученици.

Курсот за фотографија почна да се реализира на почетокот од тековната учебна година во ООУ„Владо Тасевски“ и во ООУ„Христијан Тодоровски-Кар- пош“ со групи од сите десет основни училишта од Општина Карпош.

Л.П.К.



РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ ИГРИ ПО 18-ТИ ПАТ

Преполниот спортско-рекреативен центар „Треска“, беше местото на кое по 18. пат се одржаа регионалните пензионерски спортски игри под покровителство на Општина Карпош, во организација на пензионерското здружение „Карпош“. Натпреварувачите кои беа дојдени од т.н. втор регион на Македонија, во кој се наоѓаат градовите Тетово и Гостивар, општините Сарај, Ѓорче Петров и Карпош ги одмерија своите сили во шах, табла и домино, трчање, влечење јаже, стрелаштво, пикадо и во фрлање ѓуле. Годинешната манифестација, со поздравен говор ја отвори првиот човек на општината, Стевчо Јакимовски.

- Задоволен сум што ве има во олкав број и што не се откажувате од спортските активности и во подоцнежни години. Се надевам дека ова е шанса да си ги докажете физичките способности, а воедно е и шанса да се дружите и да го поминете времето заедно на еден креативен и интересен начин - рече Јакимовски. Тој истакна дека овие традиционални спортски игри се поттик за секој граѓанин во третата доба да продолжи да се рекреира и да спортува, а, исто така, на ваков начин да ги сочува здравјето и стабилноста. Оваа манифестација, која се одржува секоја година, заврши со музика и со свечен ручек за пензионерите-натпреварувачи, а Општина Карпош сесрдно го поддржува ваквиот начин на дружење и рекреирање.

М. Г.

СТУДЕНТСКИ „ИЗЛЕЗ“ ВО КАРПОШ

Деновиве на амфитеатарот „Карпош“, на Кејот на реката Вардар, во соработка со Општина Карпош се одржа трибина на студентската организација „Излез“, на која студентите ги претставија своите знаења преку приказ на активностите што ги организирале во текот на целата година.



Љубителите на поезија, музика и на филм имаа можност да го проследат сето тоа, сработено на професионален начин и од врвни талентирани студенти и ентузијасти. На завршницата на академската година учествуваа идните академски граѓани, кои нескормно ги истакнаа своите познавања од областа на филмот, музичката уметност и поетското творештво. Со оваа соработка, локалната самоуправа отворено докажува дека, како и досега, така и во иднина, ќе ги поддржи манифестациите од овој тип, со кои се поттикнуваат младите кон креативни идеи и одржување на културните навики.

М.Г.

ФОЛКЛОРНО ОСВЕЖУВАЊЕ

Под мотото „Фестивал на солидарноста“, последната седмица од јуни се одржа Меѓународниот студентски фолклорен фестивал (МСФФ), во организација на Академското културно-уметничко друштво „Мирче Ацев“, во соработка со Општина Карпош. На платото во ТЦ „Лептокарија“, пред многубројната публика, се одржа големата фолклорна манифестација, која овојпат е со повод и е посветена на сеќавањето и 50-годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје.

На фестивалот, кој е од ревијален карактер, учествуваа осум фолклорни ансамбли од Кипар, Турција (три групи), Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина и неколку ансамбли од Република Македонија, земји што потпомогнаа во изградбата на главниот град по земјотресот во 1963 година.

Фестивалот, кој траеше четири дена, за отворен го прогласи советникот на Општина Карпош, Дејан Димковски, а со поздравен говор го затвори градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.

- Задоволството е наше, на граѓаните на општината, зашто поддржуваме едно од најелитните уметнички фолклорни друштва кое соработува со многу други уметнички друштва. Ме радува што гледам толкав број посетители, љубители на фолклорната музика и среќен сум што претставници од други држави имаат можност да ја посетат нашата земја. Тоа е можност патем да се запознаат и со нашата историја, музика и да ја посетат нашата општина во која сум сигурен дека се чувствуваат пријатно. Општина Карпош е една од солидарните општини, односно симбол на светската грижа и хуманост - рече Јакимовски.

Директорот на Меѓународниот фолклорен студентски фестивал, проф. Благоја Јованоски, со благодарница и со диплома за успешна соработка му се заблагодари на првиот човек на Општината. Награди и пофалници добија и останатите фолклорни ансамбли-учесници на годинешното издание на фестивалот.

М. Г.





ЈУБИЛЕЈНА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ГЕНЕРАЦИИ НИЗ ДИМО“

Националната галерија „Мала станица“ беше премногу мала за да ги собере љубителите на уметноста вечерта кога на свечен начин, под покровителство на Општина Карпош, беше отворена јубилејната изложба под слоганот „Генерации низ Димо“. На изложбата својот ликовен талент го истакнаа околу 14 учесници, а темата беше од индивидуален карактер, во зависност од тоа со каков скулпторски или архитектонски талент располагаат уметниците. Две ученички од седмо и од осмо одделение од ООУ „Димо Хаџи-Димов“ ги претставија своите беспрекорни дела на самостојна изложба, а нивните претходници беа гости-изложувачи. Ликовниот ментор Соња Поповска-Трајковска беше презадоволна од посетеноста на оваа ликовна манифестација.

- Премногу сум задоволна и посакувам секоја година на ваков начин да ги претставуваме ликовните креативни мисли од секоја генерација во ООУ „Димо Хаџи-Димов“. Оваа изложба ќе беше само на Дана и на Марта, но за да им се оддолжам и на другите ученици, тие се појавуваат како гости и со своите уметнички дела учествуваат на овој проект, кој воедно е и произлезен од самите нив - рече Поповска-Трајковска.

М.Г.

НАШИ УЧЕНИЦИ, НАЈДОБРИ СТРИП-ЦРТАЧИ

Симона Богоевска од VIIб и Ина Кроневска од VIIв од ООУ „Владо Тасевски“ – Карпош освоија прво место на натпревар за изработка на стрип. Стефан и Теон Пејчиќ, пак, од ООУ „Петар Поп-Арсов“ - Карпош, на истото натпреварување го освоија третото место. Во организација на приватната гимназија „Алгоритам“, натпреварот за VII и VIII одделение беше организиран на 19 април 2013 година на ниво на основните училишта од Скопје.

- Ова беше предизвик за мене, како ментор, и за моите талентирани ученички, со кои работам веќе пет години, да изготвиме креативен продукт кој ќе претставува интеграција на јазикот со другите предмети, односно уметност и цртање и читање литература на странски јазик – вели Виолета Панев, ментор на Симона и на Ина од ООУ „Владо Тасевски“.

Според правилата на натпреварот, стрипот требаше да се базира на расказот „A Descent into the Maelstrom“ од Едгар Алан По, во слободна техника, кој учениците го читаа на странски јазик и ја сумираа содржината во форма на стрип.

Наградените ученички од ООУ „Владо Тасевски“ од Општина Карпош, Симона Богоевска и Ина Кроневска, како и Стефан и Теон Пејчиќ од ООУ „Петар Поп-Арсов“ стекнаа право на стипендија во гимназијата што го организира натпреварот.

Л.П.К.



Димче Мешковски, доајен на македонското актерство



СЕМЕЈСТВОТО Е ОГЛЕДАЛО НА УСПЕШНОСТА

Ако лично сметам дека „Викенд на мртовци“ е врв на мојата актерска кариера, тогаш хумористичната радиоемисија „Хихирику“ е мое задоволство, кое трае речиси 35 години

Неговото нагалено име Мешко, изведено од презимето Мешковски, е чиста асоцијација за врвно актерство и за неповторлив хумор, без оглед за која културна и медиумска институција се работи. На мноштвото љубители на драмската уметност, кои со Мешко имаат воспоставено контакт преку јавна сцена, несомнено им е преполовена и осиромашена импресијата за неповторливоста на личноста на Димче Мешковски. Тие што не го виделе во меански амбиент, опкружен со „пајташите од Драмски“ или на часовите со неговите млади ученици, не можат да претпостават колкава духовна големина и човечност се собрани во Мешко - шегобиец и сеирција од јавните настапи.

По сплет на околности, имавме привилегија да го види Мешко надвор од сцената, да „преживее“ часови по урнебесна смеа, во бифето на Драмски, кога слушателите паѓаа под маса, а тој како да прашуваше „Што ви стана“. А секогаш му асистираа покојниот Дади, брат му Коле и Војче Китановски, мајстори на хуморот со парадоксални поенти. Токму неповторливиот тандем Диди и Дади, од уста не го вадеа Мешко кога зборува за своите уметнички битисувања, подвлекувајќи дека „Мешко е лакмус, адитив и коректив без кој нема посакуван епилог“. Рака на срце, и Мешко не штеди епитети кога ги „озборува“ своите колеги, особено Дади. Имаше чест да слушне дел од личната исповед со драмски заплети какви што не ги играл во стотината пиеси во повеќе од шест илјади јавни настапи и со него да ламентира за она што беше вчера и што е денес.

Податокот дека Мешко студирал книжевност, а не актерство, никако не се вклопува во неговата одживеана биографија, но тоа воопшто не пречело за да се закити со титулата бард на македонското актерство.

- Малкумина знаат дека јас со мојот школски другар Дади учествував на аудиција за прием на млади актери во Драмски и дека од 16 кандидати поминавме само ние двајца. Жирито го „купив“ со

текстот „Заточениците од Алтона“ од Брехт, поточно со една песна од Шуберт, а ја пеев на германски. Беше тоа во далечната 1966 година и ние тогаш една година бевме на проба. Тогаш немаше партиски вработувања, а визата да излезеш пред публика ја даваа актерските големини Илија Милчин, Димитар Гешовски, Ацо Јовановски, но и најтеатарскиот човек, Ристо Стефановски. Инаку, јас актерството го засакав уште во основно училиште и тоа ми стана и професија и животна преокупација – ја почнува својата приказна Мешко.

Вели дека за лична среќа го смета тоа што речиси целиот работен век го поминал со вистински вљубеници во професијата и во работата - со Дади, Коле, Чоре, Мите Гроздановски, Марин Бабиќ, Ненад Стојановски...

- За да ви стане појасно што сакам да кажам, ќе се послужам со една забелешка на Дади. Тој велеше: „А бе Мешко, јас повеќе имам спиено со тебе, отколку со жена ми“. Со други зборови, ние се дружевме и на работа и надвор од театарот. Бевме едно семејство, а тоа време се памети како еден од најуспешните периоди во историјата на Драмски театар.

Помалку или повеќе, во истиот состав ги создадовме култните „Болва во уво“, „Солунски патрдии“, „Диво месо“, претстава со која на Стерино позорје ги собравме сите награди што се доделуваат таму. Во тој состав ги правевме „Коприварник“, „Театарче лево ќоше“, „Женски оркестар“, „Балкан бенд“... Го свртевме светот, работевме, си игравме и уживавме.

Ако лично сметам дека „Викенд на мртовци“ е врв на мојата актерска кариера, тогаш хумористичната радиоемисија „Хихирику“ е мое задоволство, кое трае речиси 35 години. Можам да се пофалам дека сум најстар во поставата што ја подготвува емисијата и дека таа заслужува место во Гинисовата книга на рекорди. Со заминувањето на Дади останавме посиромашни, но тоа е единственото нешто со што сега професионално сум окупиран. Новиве театарски, партиско-политички дејци не ме канат да играм, а би можел уште да дадам како лик на мои години... – доза разочараност ја заменува полетноста во раскажувањето на Димче.

Кога е во прашање она што човека го прави особено горд во животот воопшто, Мешко вели дека животот нема смисла, со што и да се занимавате и колку и да сте успешен, ако не можете да се пофалите со своето семејство.

- Јас сум горд на своето семејство, горд што, заедно со својата прекрасна сопруга Марица, која е медицинска сестра, одгледавме две прекрасни ќерки - Наташа, најдобрата пливачка во историјата на македонското пливање, и Јасна, која дипломираше актерство на „Јеил“ и која живее во Америка. Признавам дека стожерот на мојата семејна среќа е мојата несебична сопруга – истакнува гордиот татко.

На чудењето од сознанието дека не е корисник на државна пензија за заслужни уметници, Мешко возвраќа со приказна за својот ангажман во подучување млади актери.

- Кај нас и наградите и заслугите се според позицијата на партијата на која ѝ припаѓате. Тие државни пензии ги добиле и оние кои, буквално, само четири пати се појавиле на јавна сцена.

За моја голема среќа и задоволство, почестен сум со тоа што во Општината Карпош веќе четири години раководам со Школата за млади актери. Тоа се случи по идеја и на предлог на градоначалникот Стевчо Јакимовски, за што сум му неизмерно благодарен. Кога зборувам за таа школа, не можам, а да не спомнам дека, навистина, доцна открив дека имам дарба за подучување млади. Се разбира, ако на страна го оставиме моето актерско искуството, за таа улога сум се подготвувал и незнаејќи дека некогаш ќе бидам учител на млади актери. Имено, пред повеќе години ги посетував семинарите на Жан Вилар, Бојан Данов, Хуго Клајн, Илија Милчин и од нив учев и научив како да ги учам другите. Не знам дали знаете дека јас, пред десетина години, во Младински културен центар држев приватно училиште и дека половината од моите ученици, тогаш средношколци, актерството го избраа како животен позив. Спомените од тие времиња се неизбришливи и со радост ги раскажувам анегдотите од тој период.

Поканата од господинот Јакимовски во Карпош да ја формираме таа школа дојде како дар од господ. Му реков да се обидеме и, за среќа, тој обид стана многу успешен проект. Сега, по четири години, можам да кажам дека сум горд на своите ученици, од седмо и од осмо одделение, меѓу кои има вистински бисери. Малку ми е жал што во нашето училиште нема објективни можности за сите заинтересирани. Годинава, на пример, на аудиција дојдоа 170 ученици, а ние одбравме само 90. Да нагласам дека во работата многу ми помага колешката Снежана Конеска-Руси и дека јавно можеме да се пофалиме со крајниот резултат. Тој се гледа на завршната претстава кога и се доделуваат дипломи за сите кои ја завршиле Школата за млади актери.

Кај нас нема импровизација - учиме сè што се учи во класичната актерска едукација, па и повеќе од тоа. Јас моите млади ученици ги запознавам со сè што е дел од актерската игра, од гардеробите во театарот, преку сценскиот говор и движења до премиерната изведба на конкретното дело. Годинава подготвивме пиеса според текстовите од Марко Цепенков и таа ја оценија како прекрасна. Впрочем, поканети сме со неа да учествуваме на драмската смотра во Кочани – со гордост и со глас полн елан завршува Мешко, доајенот на македонското актерство.

Миле Раденковиќ

Пантелејмон, Горно Нерези

ДУХОВЕН МИР ВО ПАЗУВИТЕ НА ВОДНО



Во недопрената природа на планината Водно, на само осум километри југозападно од Скопје, на територијата на Општина Карпош се наоѓа 12 века старата манастирска црква „Св.Пантелејмон“, која е сместена во најмирното село - Горно Нерези. Посетата на ова место може само да ве наполни со духовна убавина, оставајќи ве да потонете во мирисот на црковното кандило и да ја почувствувате магијата на природата. Светиот великомаченик Пантелејмон роден во Никодинија, денешна Мала Азија, потекнувал од побожно семејство. Тој уште во раното детство се занимавал со проучување на теологијата, но, исто така, и со медицина. До ден денешен, се смета за еден од најголемите заштитници на здравјето бидејќи, во тоа време, бил врвен доктор и исцелител поради што секогаш на фреските на иконите е претставуван како младо момче кое во едната рака држи скалпел, а во другата кутија со лекови. За време на неговиот живот има исцелено многубројен народ, но во 323 година, поради љубоморните доктори во тогашното време, три пати намерно го осудуваат, а четвртиот пат, тогашниот цар Максимилијан Први наредил неговото тело да биде фрлено во огнена печка и така пострадал заради Христа. Во негова чест е изграден црковниот храм „Св.Пантелејмон“, кој ви го одзема здивот и ве остава во восхитување од великодушноста.

Изграден е од обичен кршлив камен, изваден од околината на манастирот, но со големо мајсторство камењата се вградени во полихромни површини што даваат слика на објект кој како да израснал од една монолитна карпа, која во горниот дел завршува со една поголема осмострана и четири помали четиристрани куполи. Историјата на оваа црква е голема. Датира од 1164 година, а таа била изградена со средствата на византискиот принц Алексеј, син на Константин Ангел и Теодора, најмладата ќерка на византискиот император Алексеј Први Комнен. Самиот ктитор на овој манастир рекол: „Јас не дојдов овде да изградам велелепен храм, туку дојдов да




изградам мал храм со голема внатрешна духовност и убавина“. Гледајќи ја секоја фреска и секој вграден камен, овој манастир е богат со една духовна топлина и молитвена спирадост.

Ќе се изненадите кога ќе слушнете од кустосот Жарко Брњарчевски, додека ве води низ минатото на духовниот храм „Св.Пантелејмон“, дека во 1555 година, кога во овој крај се случил еден од посилните земјотреси, објектот е целосно сочуван. Освен изгубената црковна купола, во која што се претпоставува дека бил насликан Исус Христос Пантократор, како и фигурите на пророците флакирани од страните на осумте прозорци, не е познато какви биле и колку настрадале старите манастирски конаци. Но, и покрај оваа загуба, калуѓерите во тоа време на ропство под Османлиите, со помош на граѓаните, успеале во целосната реконструкција на црковниот храм. Над влезните порти ќе се соочите со безвременскиот зачуван натпис, врежан во мермерната плоча која ги дава основните податоци за црквата: „Овој велелепен храм е подигнат во чест и спомен на великомаченик Пантелејмон, од страна на византискиот принц Алексеј I Комнен заедно со неговата ќерка Теодора во септември 1164 година“. Во внатрешноста на овој уметнички споменик, сочуван е неверојатен фрескопис, изработен од вештите раце на непознат уметник од Константинопол - Цариград. За воодушевувањето да биде уште поголемо, по столбовите и ѕидовите ќе ги забележите насликани светителите, овековечени во медаљони, со ненадминлив колорит и експресивност, меѓу кои особено се истакнуваат ликовите на светите врачи Кузман и Дамјан. Во посебни копаничарски рамки, обработени со орнамент од преплет на широки листови од лозница и стилизирани пауни, се насликани од една страна патронот на црквата св. Пантелејмон, а од другата св. Богородица со малиот Христос в раце.

Неверојатно чувство е да бидете таму и да ја затекнете церемонијата венчавање и крштевање. Насмеаните лица и исполнети погледи на младите и најмилите се уште еден доказ дека во манастирската црква и до ден-денес се одржуваат разни чинови како што е светото тајно венчание и светото тајно крштение. Самото венчавање и крштевање се проследени од пеењето на црковниот хор, што ја прави церемонијата посвечена и незаборавна. Околината и природата, како и надворешната и внатрешната убавина на целиот објект, опкружен со зеленило, како и ресторанот за незаборавни моменти ја зголемуваат желбата за овековечување на миговите на задоволство и среќа. Ја препорачуваме оваа летна дестинација како уникатна и единствена, за секој кој ќе посака да избега од скопскиот метеж. Нека го стори тоа во овој божји храм и нека го побара својот душевен спокој и мир.

Мила Глигорова







Два проекти на здружението „Монтесори“

НАЈМАЛИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА ВНИМАНИЕТО

Со пригодна претстава и весели детски насмевки, децата вклучени во проектот „Монтесори“ ги пречекаа своите родители и роднини на последниот ден од учебната година. На свечено затворање на проектот „Монтесори“, кој се одржа во едукативниот центар во рамките на ООУ „Аврам Писевски“ во Бардовци, децата од претшколска возраст ги покажаа своите знаења стекнати во текот на реализирање на проектот, преку тестирања и едукативни активности. Овој проект во општина Карпош се применува од почетокот на февруари оваа година, а како поддршка, локалната самоуправа учествува во обезбедувањето на училишен простор и беспрекорни работни услови за најмладите. Здружението „Монтесори“, пак, на децата им овозможи училишни материјали.



Програмата која имаа можност да ја изучуваат децата вклучени во проектот се состои од пет подрачја, и тоа математика, развој на говорот, запознавање со природата и со околината, ритмички и моторни активности и креативно творење. Родителите го истакнаа своето задоволство бидејќи нивните деца стекнаа знаења, а исто така Здружението „Монтесори“ им обезбеди и активности од типот на излети и посета на Зоолошката градина во рамките на целокупниот проект.

Македонското здружение „Монтесори“ и по завршувањето на учебната година продолжува со своите активности. Во текот на една седмица предвидени беа повеќе активности, а децата имаа можност да бидат дел од денови на авантури, денови на мали готвачи, како и креативни денови. Целта на оваа летна програма е децата преку забава да учат и да остваруваат пријателски контакти, а воедно и да стекнуваат здрави навики.

М.Г.

Екстерно оценување во Карпош

НАШИТЕ УЧИЛИШТА МАКСИМАЛНО ПОДГОТВЕНИ ЗА ТЕСТИРАЊЕТО

Екстерното оценување во основните училишта беше настан што го обележи јуни и, донекаде, го засени крајот на учебната година. Бидејќи и медиумите и јавноста беа видно заинтересирани за спроведувањето на овој проект на Државниот испитен центар, со раководителката на Одделението за образование при Општина Карпош, Мирјана Поповска, поразговаравме за впечатоците и за резултатите од екстерното оценување во основните училишта во Карпош.

- Сите десет училишта во Карпош беа максимално подготвени за екстерното оценување. Секаде каде што имаше потреба од помош, навреме интервениравме и технички и организациски подготвени го дочекавме екстерното оценување. Резултатите сè уште се анализираат, но генерален заклучок е дека во нашите училишта многу е мал бројот на екстремни случаи на отстапување во оценувањето, односно разликите меѓу оценките од наставниците и од екстерниот испит во најголем дел не надминуваат една оцена – вели Мирјана Поповска, раководителка на Одделението за образование. Таа објаснува дека наспроти подготвеноста на нашите училишта, генерален впечаток е дека Државниот испитен центар (ДИЦ) не го реализирал проектот целосно доследно.

- Имаше многу приговори од родителите, но сите одат на адреса на ДИЦ. Родители реагираа на повторувањето на испитот за некои ученици заради технички грешки со тестовите. Имаше реакции за неусогласеноста на прашањата од тестовите со учебниците што се употребуваат во училиштата, се јавуваа и технички грешки во списоците што ДИЦ ги доставуваше до училиштата итн. Генералниот впечаток, кој во Карпош е потврда на општата слика за спроведувањето на екстерното оценување во целата Република, е дека и покрај тоа што долго време се подготвува за проектот, и покрај пробните тестирања, сепак на крајот се потфрли во спроведувањето, што оди на сметка на Државниот испитен центар – објаснува Поповска.

Л. П. К.



„Аврам Писевски“ го прослави 28. патронат

МУЛТИЕТНИЧКИ МОЗАИК

Извонреден меѓуетнички спој претставуваше манифестацијата во општинското основно училиште „Аврам Писевски“ по повод дваесет и осмиот патронат. Со изведба на повеќе ритмички точки, со многу музика и со прекрасни кореографии, учениците од ова училиште на дело покажаа дека музиката и детската игра не познаваат граници, етнички и религиски бариери.

Манифестацијата што се одржа на платото пред училиштето ја водеше првенката на генерацијата на ова училиште, Тиана Лазаревска, а гостите на почетокот ги поздрави директорот на училиштето, господин Драги Петковски. Тој ги истакна успесите на учениците во тековната учебна година, но и тоа дека, благодарение на Општина Карпош, ООУ „Аврам Писевски“ може да се пофали дека е прогласено за училиште со најубава фасада во Македонија. Учениците на свој начин ѝ се заблагодарија на Општината за реализацијата на овој проект, посветувајќи ѝ една ритмичка точка со детската општинска химна „За Карпош кој го сакам“.

Дружбата, традиционално, ја заврши најмалите, првоодделенците, кои во народни носии што го изразуваат различниот етнички состав на училиштето го одиграа „Пајдушко“.

И.Ѓ.





Школи по англиски

ВО КАРПОШ И ПО 10 ЈУНИ ИНТЕНЗИВНО СЕ УЧИ

Одделението за образование при Секторот за јавни дејности од Општина Карпош, во соработка со „Индијана Веслејан колеџ“ - Америка, уште еднаш организира летно училиште за англиски јазик за сите ученици од основните училишта од општина Карпош. Курсот се одржа во период од 17 до 21 јуни 2013 година од 9 до 12 часот во просториите на ООУ„Димо Хаџи-Димов“. Учениците преку конверзација, забава и дружење имаа можност да слушаат и да говорат англиски јазик со студенти од колеџот „Веслејан“ и на тој начин да го усовршат степенот на познавање на англискиот јазик.

- Позитивното искуство од минатата година беше поттик и оваа година да се организира ваков летен камп којшто, се надеваме, ќе продолжи и наредните години. Во соработка со „Линк акрос“, пак, на 10 јуни 2013 година, почна со работа училиштето за англиски јазик за возрасни и деца, проект што Општина Карпош и „Линк акрос“ го спроведуваат повеќе години. И овој курс траеше до 21 јуни 2013 година, а часови се одржуваа секој работен ден од 18 до 19.30 часот во просториите на ООУ„Братство“. Програмата на наставата беше фокусирана на разговорен англиски јазик – објасниј од Одделението за образование при Секторот за јавни дејности од Општина Карпош.

Л.П.К.





Летен проект на „Вера Циривири-Трена“

ЈОГА, ТАНЦ И ИСТРАЖУВАЊА ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА УЧЕБНАТА ГОДИНА

Општинското основно училиште „Вера Циривири-Трена“ од Карпош, по завршувањето на учебната година организира летно камп-училиште за на своите ученици да им овозможи дополнителна можност за дружба преку забава и едукација. Идејата за ваков проект, како што велат од училиштето, произлегла од контактите со родителите и со децата. Иницијативата, пак, е на наставникот Велимир Новевски, кој во соработка со наставничките Жанета Павловска, Маја Чинго и Марија Илиеска-Спасеновска, ја осмислил работата на летниот камп за ефикасно и продуктивно пополнување на слободното време на децата сè до денот на примање на свидетелствата.

Меѓу другите активности со кои се занимаваат учениците за времетраењето на летниот камп, се и часовите по јога, работилници за изработка на детски музички инструменти, часови по танц и кореографија, спортски активности, работилница за истражувања на теми како здрава храна и слично. Од училиштето велат дека сите активности и работилници се прилагодени на возраста на децата и се замислени да бидат забавно-едукативни. На крајот од денот учениците имаат можност да се забавуваат и да се дружат и преку колективни игри.

Меѓу другите активности што беа спроведени во текот на летниот камп, особено внимание привлекоа посетата на погон за рециклирање хартија и пластика, посетата на медиум, посетата на фабрика за производство, посетата на музеи и прошетките по кејот на реката Вардар.

И. Ѓ.

ЧУВАЈТЕ СЕ ОД ЛЕТНАТА ГОРЕШТИНА

Екстремно високите температури на воздухот, особено во летните денови што доаѓаат, со себе носат и зголемена опасност од топлотен удар. За да се намали штетното влијание на сончевите зраци, потребно е и самите да преземете некои мерки за заштита

Општина Карпош и „Карпош Урбан“ се грижат за здравјето на своите жители, па за заштитата од сонцето и топлото време побаравме стручно мислење од д-р Елена Митева-Цонева од поликлиниката „Неуромедика“ од Скопје.

- **Дали е безбедно да се престојува на сонце подолг временски период и покрај користењето средство со висок заштитен фактор?**

- При директно изложување на сонце, задолжително е користењето кремови за сонце со висок заштитен фактор за да се превенираат изгореници од сонце. Но, треба да се напомене дека овие кремови даваат само неколкучасовна заштита (најчесто 1-2 часа), така што и покрај нивното нанесување, треба да се избегнува подолготрајно изложување на сонце, затоа што нивното дејство се намалува, кожата дехидрира, станува сува и со тоа се зголемува ризикот од изгореници. Затоа треба на секои еден-два часа да се нанесува нов слој крем на кожата.

- **Дали покрај општите, постојат и некои дополнителни препораки за заштита од сонце за деца?**

- Кај децата посебно треба да се внимава на заштитата на кожата затоа што површинскиот слој на кожата е потенок колку што децата се помали и речиси и не пружа никаква заштита. Затоа се препорачува користење на заштитни кремови и при секојдневните прошетки и излегувања на децата, не само кога се на плажа и кога се сончаат.

- **Кои се основните симптоми на дехидратација и што да се преземе во ваков случај?**

- Дехидратацијата е честа појава во летниот период и обично се јавува во поблаг облик, доколку навреме се открие и се реагира. Се манифестира со чувство на жед, сува кожа, црвенило на лице, сува уста, темна урина, умор или слабост, а може да има и појава на забрзан пулс и забрзано дишење, со намалено мокрење, намалено потење кај потешките облици на дехидратација.

Во вакви случаи, треба веднаш да се внесе течност, обично вода, но не брзо и во големи количество, туку постепено, голтка по голтка. При потежок облик на дехидратација, треба да се внесат дополнително и електролити.

- **Кои се основните симптоми за добивање на топлотен удар?**

- Топлотниот удар е итна состојба која е загрозувачка по живот. Настанува по долготрајно изложување на сонце и обично е комбинирана со дехидратација. Се манифестира со зголемена телесна температура (над 40 степени), главоболки, вртоглавици, црвена, топла и сува кожа, недостиг од потење, брзо плитко дишење, мускулна слабост и грчеви, забрзан пулс, промени во однесувањето и губење рамнотежа. Кај лице што доживеало топлотен удар треба итно да се реагира. Прво треба да се однесе во постудена, поразладена просторија и треба да се постави во хоризонтална положба, со кренати нозе, да се расоблече, да се отстрани вишокот облека, ако има услови да се измери телесна температура и телото да се разлади со ладни облоги, особено околу вратот, препоните, под пазувите каде што поминуваат поголеми крвни садови. Ако лицето е во бесознание, не треба да лежи на грб, треба да се постави во странична положба и да се побара помош од медицинско лице.

Анета Манчевска

ПРЕПОРАКИ ОД Д-Р МИТЕВА-ЦОНЕВА



Она што секој треба да го знае за да се заштити од жештината лете е дека треба да се избегнува престој на отворено од 10-17 часот, дека треба да се избегнува физичка активност, вклучувајќи спорт и рекреативни активности, а ако мора во тој период да се престојува надвор, да се избегнува директен престој на сонце и да се прават повеќе одмори под сенка. Покрај тоа важно е да се носи тенка и светла облека од природни материјали, а при престој на отворено да се носи заштитна капа и очила. Исто така треба да се внесува големо количество течности (не чекајте да сте жедни), вода и безалкохолни пијалоци, а да се избегнуваат алкохолни пијалоци, пијалоци кои содржат кофеин и екстремно ладни пијалоци. Се разбира треба и да се внесува помало количество храна, да се избегнува мрсна и висококалорична храна и храна збогатена со многу шеќери. Храната треба да биде добро термички обработена, а овошјето и зеленчукот добро измиени.

Танчарката од Карпош

ЛАТИНО-ПРИКАЗНА НА МЛАДАТА КРИСТИНА

По само две години танцување, талентираната Кристина Мојтиќ може да се пофали со освоени 24 медали и 30 дипломи на меѓународни и на државни натпревари во латино-танци. Секојдневното вежбање за неа е поттик за освојување сè повеќе златни медали и за постигнување сè поголеми успеси. Ученичката Кристина, која оваа учебна година го заврши седмото одделение во ООУ „Вера Циривири – Трена“ се сеќава на почетоците и на нејзината желба за танц.

- Најпрвин почнав да се занимавам со класичен балет, уште од мојата четврта година, но во Хрватска, бидејќи таму живеевме со моите родители. Стекнатото искуство како балерина ми помогна потоа полесно да ги совладам латино-чекорите -раскажува низ сеќавања младата Кристина, која преку освојување дипломи ја докажа и оваа вештина.

Нејзините родители велат дека таа ја има сета поддршка од нив, како и од наставниците од училиштето. Мајка ѝ Весна раскажува за патувањата околу светот и за возбудата на Кристина за секој наредeн натпревар.

- Таа е хиперактивно девојче, а јас како нејзина мајка од секаков аспект се трудам да ѝ помогнам и да ја поддржам. На секој натпревар кој се одржува надвор од нашите граници сум тука, до неа, а тоа ѝ дава поттик да се покаже во најдобро светло - истакна мајката Весна, додавајќи дека згора на тоа нејзината ученичка книшка е со висок просек. Таа вели дека целосната опрема за танцување и часови достигнуваат високи финансиски средства, но сето тоа е премалку за да се оствари желбата на Кристина и за таа да го достигне посакуваниот врв.

- На последниот натпревар ни требаа четири нови костими и приватни часови, како и месечна членарина. Но, поминуваме преку тоа и сакаме, ние, како родители, да ги задоволиме потребите на нашите деца, во случајот за нашата Кристина – вели Весна.

Тимот на центарот за модерни и спортски танци „Прима данца“ откако ја сретнал оваа млада танчерка и се запознал со нејзините квалитети, веднаш ѝ понудил соработка, а Кристина ја прифатила.





- На шест години продолжив да се занимавам со танци, но овојпат тоа беа латино-танците. Во танцувачкото друштво „Прима данца“ ми дадоа целосна поддршка и ме научија многу. Тие се заслужни за моите постигнати успеси и за можноста да се претставам пред светската јавност - објаснува таа. Како нејзин најголем успех и најдрага награда ја издвојува првата освоена награда на државно првенство. Омилениот пехар го доби со самоиницијативното натпреварување, со што, по само два месеца тренирање, учествува на државен натпревар и го освојува првото место.

- Омилената награда ми е првата награда што ја освоив навистина неочекувано. Тоа ми беше прво искуство и само сакав да го почувствувам ритамот на латино-сцената. И во целосно неверување, ете ме, со пехарот в рака и со освоено прво место на тој државен натпревар - возбудено раскажува младата танчерка.

Кристина не само што е успешна танчерка, туку е и одлична ученичка која посетува курс по француски и по англиски јазик, а прво место освоила и на регионалниот натпревар по математика.

На државниот натпревар кој се одржа овој месец во спортскиот центар „Борис Трајковски“, Кристина, како последно достигнување, се закити со четири медали и тоа три први во латино дуо, хип-хоп дуо и латино формација и едно второ место, сребрен медал за хип-хоп формација. Нејзината помала сестричка го покажува истиот талент. И таа исто така три години вежбала класичен балет, а во латино-танците се пронашла пред една година и веднаш освоила две први места на натпревари.

Карпошанката Кристина, млада девојка која е олицетворение на убавина и елеганција, посакува танцот да ѝ стане професионално занимање и да биде позната професионална танчерка.

Во наредниот период таа ќе се подготвува за претстојните натпреварувања кои ќе се одржуваат во октомври, а потоа следува светското латино-натпреварување во Торино и светското натпреварување во хип-хоп танц, кое ќе се одржи во Стокхолм.

И покрај тоа што сè уште има време да се докаже и да го истакне вистинскиот момент на постигнување на највисокото ниво, Кристина за многу кратко време го покажа она кое што професионалните танчери не можеле да го постигнат. Нејзината животна приказна е поука за сите млади таленти во кој било правец да не се откажуваат и да го прават она што најмногу го сакаат. Посветеноста и напорната работа за нив претставува повозбудлив живот и стекнување подобри животни навики.

Мила Глигорова





Анастасија Андреевска, драмски синхронизатор

МИЛОЗВУЧЕН ГЛАС ОД МАЛИОТ ЕКРАН



Анастасија Андреевска ја слушнале сите, ама никој не ја познава. Сигурно се прашувате како е можно тоа. Всушност, еве да ви помогнеме, таа го позајмува својот глас. Оваа единаесетгодишна шестодделенка од ООУ „Петар Поп-Арсов“ учествува во синхронизација на гласови во повеќе телевизиски проекти.

- Во моментов го позајмувам гласот за една детска улога во една турска серија, а работам и синхронизација за еден цртан филм – вели Анастасија и додава дека веќе шест месеци е вклучена во овој проект.

Ова искуство, необично за девојче на таа возраст, за Анастасија претставува малку забава, малку учење нови вештини, но и малку заработка.

- Ми се допаѓаат снимањата зашто се исполнети со дружба и со смеа, па замор и не чувствувам. Снимам еднаш неделно еден-два часа, при што се работат две, максимум три епизоди одеднаш, но имам време за сè. Ова е предизвик за мене зашто секоја улога што ја толкувам има свои барања. Еднаш позајмував глас за улога на повозрасно момче, па морав малку да го задебелам гласот. Ми се случило и да снимам дијалог така што го позајмувам гласот и на двата лика. Практично како да зборувам сама со себе, само што морам да го видоизменам гласот – низ смеа ни раскажува Анастасија.

Нејзините родители, Соња и Тони Андреевски, се гордеат зашто од мала, се разбира со нивна помош, пронашла начин да заработува сама.

- Хонорарите се можеби симболични, но нејзе ѝ значат многу. Засега ги депонираме парите на штедна книшка, но Анастасија, иако е мала, доволно е зрела за да знае што сака да прави со нив – вели нејзината мајка Соња. Таа објаснува дека нејзината ќерка успешно постигнува на секое поле, па е одлична ученичка на која ништо не ѝ е тешко да научи, но и дека секогаш наоѓа време за дополнителни активности и за хоби.


- Свирам гитара и солфеж во музичкото училиште „Илија Николовски – Луј“, а покрај тоа и пеам во детскиот хор „Пиколо“. Учествувам и во еко-патрола за собирање пластична амбалажа, а секоја година трчам и на кросот што за основците од Карпош го организира Општината – ни кажува Анастасија, посочувајќи ни дека гитарата, всушност, е нејзината најголема љубов. Вели дека и понатаму планира да се занимава со синхронизација, но дека е сè уште мала да планира што ќе биде нејзината професија.

Кога ќе ја прашате за поддршката од домашните, Анастасија не пропушта да го спомене нејзиниот помал брат Андреј. Вели тој е особено горд зашто вечна загатка меѓу неговите другарчиња е кој лик го толкува неговата сестра. Тој, се разбира, никогаш не ја открива улогата на Анастасија, туку горделиво и провокативно им вели: „Погодете која е сестра ми!“


Лилјана Петрушевска-Кочовска

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ









Гледајте нè на нашиот youtube канал







Е - Градежна дозвола

Информација за граѓаните

На нашата интернет страница www.karpos.gov.mk , поставен е банер на десната страна, за електронско издавање на одобрение за градење во најкраток можен рок.
На овој начин е овозможено единствено електронско водење на постапката во сите нејзини фази.

www.karpos.gov.mk

Изработила: Ива Манова



НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ - НАГРАДНО ВО ТИВАТ





Фудбалерите и одбојкарките од ООУ „Владо Тасевски“, како и кошаркарите од ООУ „Војдан Чернодрински“, кои беа победници во училишните спортски лиги на Карпош, беа на наградно патување, четиридневна екскурзија во Тиват, Црна Гора. Наградата им ја обезбеди Општина Карпош, а реализацијата на екскурзијата е на Одделението за спорт при Општината.

- Вкупно 36 деца, од кои 12 кошаркари, 11 фудбалери и 13 одбојкарки, односно најдобрите, победниците, патуваа во Тиват како награда за нивниот вложен труд и за постигнатите резултати. Од друга страна, тие таму и нè претставуваа, и нас, како Општина Карпош, но и Република Македонија, на пријателски натпревар во фудбал и во кошарка – рече Димитар Бадев од Одделението за спорт на Општина Карпош.

Според предвиденото, спортистите од Карпош во Тиват останаа четири дена, во хотелот „Магнолија“, каде нашите млади фудбалери, кошаркари и одбојкарките имаа можност да се одморат и да се забавуваат.

- Наградата за најдобрите млади спортисти опфати и посета на пристаништето Монтенегро порт, капење и игри во вода на најубавата плажа Плави хоризонти, но и гледање кошаркарски НБА-натпревари до раните утрински часови, на општо задоволство на децата зашто тоа е најчесто забранувана активност дома – вели Бадев.

Најважно од сè е што оттаму се вратија и со уште една победа. Имено, нашите млади фудбалери од ООУ „Владо Тасевски“ на ревијалниот натпревар ги совладаа фудбалерите на Тиват, достојно претставувајќи ја Општина Карпош како институција која многу вложува во спортистите.

Л.П.К.

Во Гимназијата „Георги Димитров“

ВИКЕНД НА УЛИЧНА КОШАРКА

На спортските терени во гимназијата „Георги Димитров“, на свечен начин се отвори вториот по ред Турнир во улична кошарка во организација на КК „Карпош –Соколи-2000“, а под покровителство на Општина Карпош. На кошаркарскиот турнир учествуваа деца од сите основни училишта на територијата на општината. Со поздравен говор, градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, ги поддржи спортските настани од ваков тип и со задоволство посочи на големата заинтересираност на младите за спортот и негувањето на здравите животни навики.

- Ова е уште една манифестација што се реализира под покровителство на Општината Карпош и во организација на најдобриот клуб „Карпош-Соколи“.

Овие два дена се надевам дека ќе гледаме убави игри, дека ќе победат најдобрите тројки. Мило ми е што гледам ученици од Општина Карпош кои се прво-второ одделение, што значи дека кошарката има свои љубители и свои консументи од најраната возраст. Сигурен сум дека еден од вас ќе биде голема кошаркарска ѕвезда - истакна Јакимовски. На годинешниот Стрит-бол турнир, сопственикот на клубот, Огнен Дедиќ, заблагодарувајќи му на првиот човек на Општината, му додели заслужна благодарница за поддршката на локалната самоуправа при организација на вакви спортски манифестации, како и за неговиот личен придонес и ангажман за подобро афирмирање на овој спорт.

Меѓу наградените во првата категорија (ученици од трето одделение), доминираше тимот на „Мајами“ во состав на Ненад Благоевски, Марко Тенески, Стефан Антовски и Павле Стојанов. Од втората категорија (ученици од четврто до шесто одделение), се истакна победничката екипа на „Бомбаши“ во состав: Борис Попатанасовиќ, Кристијан Буневски, Андреј Анѓеловиќ , Никола Јосимовски и Божидар Живковски. Во третата категорија (ученици од седмо до девето одделение) најуспешна беше екипата „Пацери“ во состав: Ѓоко Бојациевски, Андреј Биљановски, Антон Николовски и Марко Аргировски. За постигнатиот резултат, КК „Карпош – Соколи“ им додели дипломи на победниците за освоените први места во трите категории на турнирот.

М.Г.





Заврши Училишната фудбалска лига

ШАМПИОНИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“

На спортското игралиште „Сокол“, кај ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“, на почетокот од јуни се одржа финалето во Фудбалската школска лига меѓу младите фудбалски таленти од основните училишта „Владо Тасевски“ и „Димо Хаџи-Димов“. Екипите од двете училишта ги претставија своите најталентирани играчи и покажаа одлична игра. Натпреварот заврши со изедначен резултат, 1:1, а според бодувањето на целокупната лига, победник е основното училиште „Владо Тасевски“.

Наградите за најдобрите од Фудбалската лига на Карпош беа доделени во рамките на Карпошовата слава. Екипата на ООУ „Братство“ за освоеното трето место доби 12.000 денари, како и пехари и медали за учениците. Второто место ѝ припадна на екипата на ООУ „Димо Хаџи-Димов“, за чии членови, освен пехар и медали, следуваше и парична награда од 15.000 денари. Шампионскиот пехар и златните медали за освоеното прво место во лигата отидоа во рацете на учениците од екипата на ООУ





„Владо Тасевски“, за што обезбедија и заслужена награда од 20.000 денари. Советниците на Општина Карпош, Зоран Поповски и Давор Грче, ги врачија наградите на најталентираните спортисти во училишната фудбалска лига за оваа година. За најдобар голман беше прогласен Борјан Тасевски од ООУ „Владо Тасевски“, за најталентиран играч во оваа учебна година беше избрана Јана Чадиновска, како единствена ученичка која настапуваше покрај момчињата, а за најдобар стрелец беше прогласен ученикот Теодор Димитровски од ООУ „Владо Тасевски“. Најдобар играч за учебната 2012-2013 година е ученикот Андреј Нуневски од ООУ „Димо Хаџи-Димов“. Локалната самоуправа за овие талентирани ученици обезбеди еднократна парична награда од 20.000 денари, како и десетмесечна стипендија од 4.000 денари.

И. М.

Матеј Пешевски, шахист

ИДНИОТ КАРПОВ ОД КАРПОШ

Матеј Пешевски од Бардовци, Општина Карпош, има осум години и иако пред само шест месеци почнал да се занимава со шах и станал член на клубот „Гамбит Асеко СЕЕ“, веќе освои златен медал на ниво на Македонија. Имено, на Државното првенство во шах за млади што од 13 до 20 јуни се одржа во клубот „Гамбит“, во силна конкуренција на деца од цела Македонија, Матеј го освои првото место во категоријата деца на возраст до 8 години.

- Иако сите очекуваа да победи едно момче од Прилеп, Матеј сите ги изненади и навистина нè направи горди и нас како родители, но и клубот и Општина Карпош – вели татко му, Борче Пешевски. Тој и мајка му на Матеј, Лела, сметаат дека шахот е совршен спорт за развивање на интелегенцијата на децата, па токму тоа било причината што нивниот син почнал да се занимава со овој спорт.

- Досега нè победи сите нас, освен татко му, така што тој е засега најголемиот предизвик – гордо вели мама Лела. Таа додава дека нејзиниот сопруг и синот интензивно работат на подготовката на Матеј за Европското првенство во шах, што од 28 септември до 13 октомври ќе се одржи во Будва.

- Читаме литература што се однесува на овој спорт, вежбаме со компјутерски симулации и со интернет-игри, но и на меѓусебни дуели практикуваме и вежбаме нови потези и стратегии. Пласманот на Европското првенство во Будва и на Светското првенство во Дубаи, кое ќе се одржи во ноември, а кои ги обезбедивме со медалот на Државното првенство, се голем предизвик за Матеј и мораме добро да се подготвиме – вели Борче. Тој додава дека многу значителни се и подготовките со тренерите Орце Дамчевски и Маријан Митков од клубот „Гамбит Асеко СЕЕ“, чиј покровител е Општина Карпош.



Л. П. К.

МЕДАЛИ ЗА КАРАТИСТИТЕ-СТИПЕНДИСТИ НА ОПШТИНАТА


Никозија, Кипар, беше местото во кое македонските каратисти се закитија со две сребрени и три бронзени медали на 22. Медитеранско карате првенство. Стипендистката на Општина Карпош, Симона Заборска, која е најдобрата млада спортистка на Македонија за 2012 година, освои бронзен медал во категоријата до 60 килограми за постари јуниори. Емануел Ристевски, кој е исто така дел од стипендистите на Карпош, си замина со сребрен медал во категоријата до плус 76 килограми за јуниори, како и Моника Пендаровска, во категоријата со 47 килограми за кадетки.

Тренерот на карате-клубот „Макпетрол“, Бошко Заборски е презадоволен од постигнатиот успех на тројцата репрезентативци, а младата спортистка на Македонија, Симона Заборска, изрази благодарност до својот тренер бидејќи успехот што таа го постигнала се должи на напорните секојдневни тренинзи во нејзиниот матичен клуб.

- По освојувањето на балканскиот бронзен медал во Врњачка Бања, годинава успеав да се пласирам меѓу најдобрите три каратистки на Меѓународното првенство. Многу сум среќна што во полуфиналето ја победив најдобрата натпреварувачка на Египет со резултат 4:1, докажувајќи дека во овој момент сум во добра форма - рече Заборска и додаде дека веќе е во подготовки за следните клупски и репрезентативни натпревари кои ја очекуваат во текот на годината.

На првенството учествуваа претставници од 11 држави, а нашите храбри натпреварувачи се сретнаа и си разменија искуства со каратисти од Малта, Мароко, Алжир, Тунис, Египет, Турција, Франција, Палестина, Грција и од Кипар.

М.Г.








Одговори на прашањето преку решавање на крстозборот.

Кои конаци се наоѓаат на територијата на Општина Карпош?

1__2__3__4__5__ - 6__7__8__9__10__11__
12__13__14__15__16__17__

Се наоѓаат во непосредна близина на Скопје, на периферијата на с.Бардовци. Тие биле харем во кој живееле четири жени и 30 слугинки. Биле изградени помеѓу 1830 и 1845г. Во 1944 биле запалени од Германците со што е дојдено до денешната состојба



И. Манова



Јоана Станиќ

За месец јули



ОВЕН - Во овој период може да решите многу важни прашања – соработка со странци, вложување во недвижности или средба со личност што ќе ви помогне со некој проблем. Ќе ви биде нагласена потребата за луксузно живеење и ќе се потрудите што повеќе да заработите за да ги задоволите вашите потреби. На почетокот од месецот не носете пребрзи одлуки во поглед на љубовта – можно е да сретнете особено егоцентрична и страсна личност. Во добра кондиција сте, но сепак практикувајте вежби и избегнувајте продукти кои се штетни за здравјето.



БИК – Позитивен период во кој може да патувате, да го проширите кругот на соработници и да имате особено добра комуникација со луѓе со кои треба да склучите бизнис-зделки. Финансиите нема да изостанат, но сепак внимавајте да не трошите некритично. Може да влезете во краткотрајна авантура, а тие што се во брак не смеат да си дозволат расправии со партнерот заради пари. Не дозволувајте да бидете мрзеливи и доколку имате можност, одете на кратко патување за да го намалите стресот.



БЛИЗНАЦИ – Ќе бидете енергични, посебно добри контакти ќе имате со тие што можат да ви помогнат во работата. Периодот ви е поволен за учење странски јазици или, пак, за одење во странство. Може да решите да го проширите бизнисот. Кон крајот на месецот можно е познанство со странец и заљубување. За тие што се во врска следи мошне динамичен период. Внимавајте на повреди.



РАК – Штедете ја вашата сила! Внимателно ја анализирате секоја ситуација на работен план и не сакате да се помирите со некои просечни стандарди во вашата работна околина. Во овој период ќе барате ефикасен модел за да ја подобрите вашата позиција и тешко ќе прифаќате туѓи мислења. На љубовен план ќе бидете посебно привлечни и периодот ќе ви биде исполнет со активно дружење. Со разработена тактика ќе се обидете да заведете едналичност. Жените треба да избегнуваат емотивни врски со многу помлади партнери. Контролирајте го шеќерот во крвта.



ЛАВ – Благодарение на добра стратегија, знаете како да ги привлечете партнерите и соработниците и во овој период можат да следат голем број договори. Се наоѓате во ситуација каде што ќе имате многу можности да ги зголемите вашите финансии или да решите некои имотно-правни односи. Во љубовта сметате дека партнерот нема разбирање за вас и честите конфликти можат да придонесат за мрзоволно расположение. Ќе морате да научите да ги контролирате промените на расположенијата. Поведете сметка за количеството храна што го внесувате.



ДЕВИЦА – На работен план ќе бидете насочени кон внесување новитети во работењето и ќе делувате многу амбициозно пред своите соработници. Ќе бидете доволно мудри во донесувањето одлуки во врска со напредокот. Одвреме-навреме ќе ви недостига оптимизам, што не може да се каже и за љубовта. Можни се интересни емотивни. Чувајте се од повреда на работното место.



ВАГА – Ќе тежнеете кон професионално усовршување, но во овој период вашите резултати нема во целост да зависат од вас. Ако бидете мудри, ќе успеете да направите вистински избор и финансиите нема да изостанат. Во љубовта јасно ќе ги искажувате своите чувства и ќе бидете особено шармантни, но внимавајте кому праќате текст-пораки. Можни се мали семејни расправии. Пазете се од клима-уредите.



СКОРПИЈА – Ќе ве следи чувството дека некој го оспорува вашето напредување, но ова е еден период во кој ќе имате поголем број успеси. Не сакате некој да ве покори, но со малку трпение и со прилагодување на ставовите резултатите нема да изостанат. Во љубовта постојано ќе се трудите да одржувате емотивна дистанца која може да биде погрешно протолкувана од партнерот. Внимавајте на исхраната.



СТРЕЛЕЦ – Се наоѓате во посебно креативна фаза и важно е прецизно да ги дефинирате своите приоритети и цели. Внимателно ќе треба да ги проверувате сите информации. Соработките гледајте ги како долгорочна инвестиција и во моменти на донесување одлуки побарајте совет од блиските. На емотивен план, можно е заладување на односите со партнерот, кој нема да може да ја сфати вашата потреба за динамичност. Сепак, потрудете се да ја задржите емотивната среќа. Доколку се занимавате со спорт, брзоплетоста може да ви донесе повреди.



ЈАРЕЦ – Потребно е добро да го разработите вашиот професионален настап, што ќе ви овозможи оправдано да ја наметнете својата волја во кругот на деловните соработници. Дел од вашите соработници ќе имаат потреба да го копираат вашиот стил во работењето, што кај вас може да предизвика бура од реакции. Емотивниот план ви носи мала криза, но со добар разговор со партнерот таа ќе биде надмината. Односот со партнерот многу ќе влијае на вашата креативност. Потрудете се да ги ублажите недоразбирањата. Не треба да претерувате со храна и пијалоци.



ВОДОЛИЈА – Поттикнете ја кај себе креативната љубопитност, самодовербата и дополнителните способности за работно напредување. Потребно ќе ви биде проширување на видиците и прилагодување на различни начини на работење. По периодот на залагање, ќе следат одлични резултати. Некој ќе биде спремен да ви даде поддршка и да ги награди вашите оригинални идеи. На емотивен план ќе го следите срцето, па на повидок ќе излезе нова љубовна романса. Важно е да сте коректни кон туѓите емоции. Обезбедете си повеќе сон.



РИБИ - Ќе бидете особено таинствени во поглед на работните одлуки. Ќе ви биде потребно многу трпение за да се заштитите од љубопитните соработници. За да остварите долгорочен работен успех, ќе треба повеќе да се посветите на разработка на работниот план и треба да внимавате во изборот на соработници. Личноста што ќе ги заинтригира вашите емоции ќе бара повеќе посветеност од ваша страна. Затоа потрудете се да најдете баланс меѓу работата и љубовта, бидејќи во иднина тоа ќе ви донесе стабилен емотивен живот и задоволство. Медитирајте.


9
5
Gallery
Gallery